Изработила: ___________________________________, училиште______________________________

| **Почеток на неделата:** **датум:**<br>**број на час: 25** | | | **Тема: Геометриски фигури во рамнина**<br>**Наставна единица: Агол. Искршена линија. Многуаголник** | | | **Клас** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Форми и техники** | | |
| 05 мин | - да препознава основни и изведени поими и основни и изведени тврдења (аксиоми и теореми)<br>- да ги согледува и применува односите меѓу точки и прави во една рамнина<br>- да ги дефинира изведени геометриски фигури во рамнина<br>- да изведува строг доказ на поедноставни теореми | Ученикот треба да<br>- препознава основни и изведени поими и основни и изведени тврдења (аксиоми и теореми)<br>- ги согледува и применува односите меѓу точки и прави во една рамнина<br>- дефинира изведени геометриски фигури во рамнина<br>- изведува строг доказ на поедноставни теореми | Наставникот задава цртеж и ги замолува учениците да именуваат полуправи што се определени со дадените точки на цртежот<br><br><br>Дали полуправите $AB$ и $BA$ се исти?<br>Колку полуправи се определени со две точки наљ една права | З<br>Бура на идеи | Учебник<br>Однапрет подготвени реченици | Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| 30 мин | | | Наставникот покажува дијаграми за кои преку дискусија со учениците бара одговори на поставените прашања на пр.<br><br><br>Како се вика геометриската фигура претставена на цртежот?<br>Како се викаат полуправите $OA$ и $OB$ на геометриската фигура?<br>Како се вика точката $O$ на таа фигура?<br>Потоа се појаснуваат типовите агли при што се искажуваат тврдењата за аглите.<br>Наставникот со помош на дијаграм го појаснува поимот искршена линија, при што ги замолува учениците да размислат за периметар на искршената линија, потоа се посочува дека секоја затворена искршена линија и нејзината внатрешна област се вика | П, З<br>**Знам сакам да научам** | Компјутер<br>Однапрет подготвени задачи | Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

didactanova
obrazovanie.literatura.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | полигон или многуаголник. Наставникот ги замолува учениците да одредат број на дијагонали во многуаголник на пр во триаголник, четириаголник, петаголник и да донесат заклучок како би пресметале број на дијагонали во $n$ -аголник. Истата активност се прави и за збирот на внатрешните агли ка многуаголниците | | | |
| 05 мин | | | Се бара од учениците да ги запишат формулитњ за пресметување на број на дијагонали и збир на внатрешни агли кај многуаголник со $n$ - страни | 3, И<br>**Знам сакам да научам** | | прашања,<br>одговор, |

| **Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување/ домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организирана е целата паралка со која преку дискусија се повторува за полуправа<br>Во првиот дел учениците, организирани во парови, се замолуваат прегу дијаграми да се потсетат за агол и видовите агли како и своствата што важат аза два агли.<br>Во вториот дел на учениците им се појаснува поимот искршена линија и многуаголник им се бара сами да дојдат до заклучоци како се одредува број на дијагонали во еден многуаголник, како и за збирот на внатрешните агли кај многуаголниците. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**:<br><br>**Домашна работа**:<br>Задачи од учебник стр.    Зад | Полуправа. Агол, отсечка, искршена линија, многуаголник, дијагонали на многуаголник, збир на агли во многуаголник |